## Како изгледа МИХ?

Забите зафатени со МИХ имаат многу типичен изглед од моментот кога ќе никнат во устата:

- многу бели или жолти/кафеави мат-дамки, често не може да се отстранат
- осетливост и /или болка на зафатените заби
- брзо се развива нов кариес на забите
- делови од забите може да се поткршат



*Слики: Благодарност до Dr. P. Rouas, Франција и Prof. C. Baroni, Италија*

## На која возраст се појавува?

Забите кои може да бидат зафатени со МИХ, никнуваат на возраст помеѓу 5-7 години; од тој момент може да се дијагностицира. Млечните заби може да го имаат истиот тип на дефекти; може да се појави и на 2 годишна возраст!

## Зошто се појави кај моето дете?

За жал, сеуште не знаеме што ја предизвикува МИХ , така што не можеме да ја спречиме нејзината појава. Сепак, доколку кај дете се дијагностицира МИХ, многу веројатно и неговите брат/сестра ги имаат истите промени.

## Зошто мора да дејствувам брзо?

Раната интервенција и превентивните третмани се неопходни за да се избегне непотребна болка и страв од стоматолог. Долготрајно, ќе ги намали и трошоците, бидејќи задоцнетиот третман може да доведе до потреба за поинвазивни и поскапи процедури.

## GC Tooth Mousse

Recaldent



## GC MI Paste Plus

Recaldent +флуориди



Достапно во 5 различни вкусови: Ванила, Диња, Јагода, Нане и Тути-Фрути



Печат на стоматолошката ординација:

z O LF MK 20 04 · 03/19

# **1** од **7** деца страда од Моларна Инцизална Хипоминерализација (МИХ)

## Што претставува МИХ? Како може да влијае врз моето дете? Зошто се појавува?

## Што можам да направам јас како родител?



# Што точно претставува МИХ?

МИХ, претставува заболување кога надворешниот слој (емајл) на забите станува мек и порозен.

Овие заби се многу нежни и лесно може да ги нападнат бактерии кои предизвикуваат кариес. Во одредени случаи може и потполно да се распаднат!

Кај трајната дентиција, МИХ секогаш се појавува на првите трајни молари и понекогаш на инцизивите. Во ретки случаи, млечните заби можат да имаат слични симптоми.




# Како може да влијае врз моето дете?

Забите со МИХ најчесто се премногу осетливи. Кај овие заби може многу брзо да се развие кариес и истиот да предизвика болка. Бидејќи детето се труди да ја избегне болката, кај него може да дојде до промена на навиките за исхрана и навиките за четкање на забите.

Кога се зафатени и инцизивите, промените стануваат видливи и во тек на социјалната интеракција (зборување, смеење). Тоа може да ја намали самодовербата кај Вашето дете.



# Што можам да направам јас како родител?

## 1. Посетете стоматолог!

Посетете стоматолог за соодветен третман. Раното откривање и раниот третман се најважни!

Вашиот стоматолог може да ви помогне на следниот начин:



Да Ве информира и да го научи Вашето дете како да се грижи за неговите/нејзините заби.

Со нанесување на заштитно средство, со што ќе се намали осетливоста на забите.





Да ги зајакне забите со нанесување на производи кои го зајакнуваат емајлот.

Да направи реставрација доколку постои кариес или поткршување.



## 2. Воведете здрава исхрана

Треба да се избегнуваат чести ужини и пијалоци помеѓу оброците, особено доколку истите содржат големо количество на шеќер или имаат висок степен на киселост.

## 3. Проверете го нивото на дентална хигиена кај вашето дете

Забите треба да се четкаат два пати на ден, со паста за заби која содржи соодветна концентрација на флуориди (прашајте го Вашиот стоматолог). Запомнете дека на малите деца им е потребна помош за правилно да ги исчеткаат забите.

## 4. Зајакнете ги забите во домашни услови со GC Tooth Mousse или MI Paste Plus

GC Tooth Mousse и MI Paste Plus содржат Recaldent™, дериват од природни млечни протеини. Помага да се зајакнат забите кои имаат ослабен емајл, како кај МИХ. Пастите не содржат лактоза, но не може да се користат кај пациенти кои имаат алергија на млечни протеини.

Recaldent™

MI Paste Plus дополнително содржи флуориди (900 ppm). Пред нанесување, внимателно прочитајте го упатството за употреба.




**Tooth Mousse и MI Paste Plus не се продаваат во продавници. Прашајте го Вашиот стоматолог како може да ги купите!**

## Превземете акција!

**Веднаш испланирајте посета на стоматолог за Вашето дете!**